АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
ОСИГУРУВАЊЕ ЕУРОЛИНК Скопје
**- Управен одбор -**
Број: 0202- 4316/4
07.06.2022 година

Врз основа на член 31 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ЕУРОЛИНК Скопје, Управниот одбор на Друштвото на својата 127-ма редовна седница одржана на ден 07.06.2022 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за измени и дополнувања на Услови за патничко осигурување

(1) Се вршат измени и дополнувања на Условите за патничко осигурување, и тоа:

1. Во воведната одредба со наслов „Дефиниции", во деветата алинеја **„франшиза"**, по зборот „полисата" се додаваат зборовите „ или во овие услови";

2. **Во членот 3, во ставот (4),** точка 3, зборот „21-от" се заменува со „60-тиот":

3. **Во членот 4:**

3.1. **Во ставот (1),** на крајот на реченицата, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ од раѓање до навршени 80 години возраст";

3.2. **Ставот (3) се менува и гласи:** „ Лица на возраст од 70 до 80 години можат да склучат договор за осигурување со траење на осигурувањето најмногу до 60 дена."

4. **Во членот 10, став (1),** точката 3 се менува и гласи:
„ 4. на денот на почеток на осигурувањето по полисата има навршени 80 години возраст; ";

5. **Се додава нов член по членот 16 в,** со број „16 г" со следниот назив, текст и содржина:
„ Член 16 г - Задолжителна франшиза за осигуреници на возраст од 70 до 80 години
Осигурениците на возраст од 70 до 80 години, учествуваат со 15% од висината на штетата (франшиза) во секоја штета, во случај на остварување на некој од ризиците од Секција I."

(2) Се задолжува Секторот за правни работи и усогласување со закони да изготви пречистен текст на Тарифата на премии за патничко осигурување.

(3) Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 01.07.2022 година.

**УПРАВЕН ОДБОР**

Претседател

*М-р Марија Томеска*